"Ферид Бајрам" 39, 1000 Скопје
Република Македонија
тел./факс: 02/ 31 21 100

www.transparentnost-мк.org.мк

# МИСЛЕЊЕ И ЗАБЕЛЕШКИ КОН ПРЕДЛОГОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ЗАКОНОТ ЗА ЕНЕРГЕТИКА

Со оглед на фактот што и новиот Закон за енергетика, кој е во процедура за усвојување во Собранието на РМ, е производ на генералната владина практика во неговата подготовка да не биде консултирана пошироката стручна јавност и да не бидат земени предвид мислењата на сите главни фактори во енергетскиот систем на државата, *Транспарентност Македонија* би сакала јавно да соопшти неколку ставови кои се однесуваат на енергетската иднина на државата што ќе биде регулирана со вака предложениот Закон за енергетика:

- Владата на Република Македонија, поттикната и од однесувањето на опозицијата, потроши 18 месеци во политичко одржување на ниската цена на електричната енергија во државата, наместо да развива стратегија и програми како **неизбежното поскапување на струјата** да се одвива постепено и во разумен рок, проследено со одредена социјална програма и инвестиции, односно како да се стимулира заштедата на електрична енергија или примената на друг вид на енергија во замена за електричната. Цехот од ваквото неодговорно популистичко однесување на Владата на крајот на драстичен начин ќе го платат граѓаните и другите потрошувачи на електрична енергија. Врз цената на струјата допрва ќе се одрази и мошне слабата состојба со хидрорезервите во државата, како и обврската од новиот Закон за енергетика (чл. 60-а) трошоците за изградба на приклучоците за пренос и дистрибуција на електрична енергија да паднат на товар на ЕВН и МЕПСО. Овие трошоци, на крајот, ќе треба да ги покријат сите потрошувачи, а не само оние кои ги направиле трошоците за приклучување, што претставува редок, ако не и единствен пример во светот.

- Со проектираната поставеност на улогите и институционалната структура во енергетскиот систем во Република Македонија во Законот за енергетика не може да се врши **транспарентен увид и контрола на производството, увозот и извозот** на електрична енергија во државата. Тоа остава простор за големи нерегуларности и можна корупција во трошењето јавни пари во оваа сфера, кои на годишно ниво сега изнесуваат стотина милиони евра. Дотолку повеќе што клучните кадри надлежни за спроведување на енергетската политика во државата се тесно партиски и/или роднински поврзани. Со ваквата законска регулатива и нетранспарентност во работата на клучните енергетски фактори во системот, на одредена енергетска врхушка во државата може повеќе да ѝ се исплати да увезува, одошто да произведува електрична енергија, а таквото свое однесување потоа да го правдува со различни изговори.

- Вака поставениот систем на односи и надлежности доведува до уште една крупна аномалија: ни пошироката, а ни стручната јавност немаат вистински

увид во причините и одговорноста за честите испаѓања од работа, дефектите и неисправноста на разни делови на енергетскиот систем. Да потсетиме: за неполна година, се случија 13 хаварии во системот. Тоа е и една од причините што, иако за време на изминатите влади на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ редовното годишно производство изнесуваше околу 6.000-6.500 GWh, ланското производство потфрли за околу 500-800 GWh. За ваквите состојби не само што никој не сноси одговорност, туку дополнително предизвикува потреба од итни набавки на струја и друг вид на енергенси, чиишто договори се одвиваат во "четири очи", без тендери и без можност за транспарентна проверка на постапките и спроведените процедури.

**Производство на електрична енергија од А.Д. ЕЛЕМ (2000-2007 г.):**

| | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.ЕЛЕМ ТЕЦ (GWh)** | **4805** | **5125** | **4715** | **4906** | **4734** | **4995** | **4701** | **4569** |
| 1.1 ТЕЦ Битола | 4342 | 4486 | 4298 | 4540 | 4362 | 4599 | 4344 | 4201 |
| 1.2 ТЕЦ Осломеј | 463 | 639 | 417 | 366 | 372 | 396 | 357 | 368 |
| **2.ЕЛЕМ ХЕЦ (GWh)** | **1169** | **621** | **754** | **1370** | **1477** | **1481** | **1649** | **976** |
| 2.1 ХЕЦ Тито | 451 | 292 | 237 | 458 | 534 | 509 | 505 | 410 |
| 2.2 ХЕЦ Шпиље | 290 | 154 | 193 | 330 | 367 | 326 | 362 | 276 |
| 2.3 ХЕЦ Тиквеш | 128 | 21 | 99 | 229 | 150 | 129 | 227 | 75 |
| 2.4 ХЕЦ Глобочица | 178 | 97 | 122 | 201 | 233 | 212 | 232 | 133 |
| 2.5 ХЕЦ Козјак | 0 | 0 | 0 | 0 | 44 | 162 | 179 | 82 |
| **3. Вкупно ЕЛЕМ (1+2) (GWh)** | **5974** | **5746** | **5469** | **6276** | **6211** | **6476** | **6350** | **5545** |

- Новиот Закон не овозможува еднаква поставеност и рамноправни услови за сите субјекти на пазарот со енергија во државата. Напротив, очигледно е фаворизирањето на А.Д. ЕЛЕМ во однос на сите други, што ја нарушува можноста за фер натпревар, коректно регулирање и лојална конкуренција на пазарот.

Заради погоре наведеното, *Транспарентност Македонија* констатира дека со предложениот Закон за енергетика државата ќе се доведе во ситуација **никој да нема ефикасна и транспарентна контрола врз енергетскиот биланс во земјата**, односно врз сигурноста со енергетско снабдување. Заради тоа, доколку Законот биде усвоен во предложената форма и содржина, ТМ препорачува Европската Унија, во соработка со Македонската влада, итно да подготви и да спроведе **проект за странска експертска поддршка на Регулаторната комисија за енергетика за носење независни одлуки во мониторингот и контролата на производството, увозот и извозот, како и висината на цената на електричната енергија во државата**. Тоа нема да ги исправи сите недостатоци на предложениот Закон за енергетика, но барем ќе придонесе за поголема транспарентност во енергетската сфера и ограничување на можните корупциски и криминални постапки на енергетските власти во земјата.

## 15 февруари 2008 г.

***ТРАНСПАРЕНТОСТ МАКЕДОНИЈА***